Здружение на пензионери
Бр. 1-16/1
30.12. / 2025 год.
Струмица

Согласно член 15 став 2 и 3 од Статутот на здружението на пензионери Струмица, Извршниот одбор на Здружението на пензионери Струмица, на седницата одржана на ден 22.12.2025 година донесе :

# ПРОГРАМА
# За работа на Здружението на пензионери Струмица за 2026 година.

## I ВОВЕД

Со Статутот на Здружението на пензионери Струмица се утврдени целите и задачите , организационата поставеност и функционирањето на здружението.

Остварувањето на целите и задачите Здружението ги остварува преку годишната Програма за работа со извршување на постојани активности на здружението и активностите кои се карактеристични само за соодветната година.

Заради улогата на Програмата како значаен документ ја донесува Собранието на Здружението на пензионери Струмица, а претседателот на Извршниот одбор организира, подготвува извршување на програмските активности.

Во извршување на програмските активности како носители се органите и работните тела на здружението во соработка со ограноците по урбаните заедници и Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија.

## II МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Во Здружението на пензионери Струмица членуваат и пензионери од општините Босилово и Василево.

Здружението делува како невладина, непартиска и мултиетничка организација, има 27 ограноци на пензионери во кои членуваат корисници на старосни, семејни и инвалидски пензии со над 12.700 членови.

На територијата на здружението има отворено 14 клубови за дневен престој на пензионери , организирани со цел пензионерите активно да стареат.

## III СЛЕДЕЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на програмата е во надлежност на Извршниот одбор на Здружението на пензионери, кој преку информации, периодични извештаи и годишен извештај дава отчет за извршување на задачите програмирани за соодветната година. Се согледува извршување на предвидените активности или пак се изнесуваат причините заради кои одредени активности не биле извршени, или пак се извршени активности кои не биле планирани, поради потреба биле реализирани.

## IV ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за финансирање на програмата се предвидени со Финансискиот план на Здружението на пензионери за 2026 година. Средствата ке се обезбедат од членарината, односно најголем дел како изворен приход, кој членовите на здружените го плакаат секој месец по 30 денари, од тоа 27,50 денари доагаат во

здружението, а 2,50 денари останувaат во Сојузот. Мал дел приходи доагаат од закупнина од 10 стана кои ги користат пензионери членови на здружението и приходи од пензионери кои одат на екскурзии, но тие се наменети за плакање патни трошоци (автобус) на тие пензионери.

Ако во текот на деловната година било предвидено вложување во инвестиции во финансискиот план за тековната година, а финансиските средства биле помали, се прави ребаланс на финансискиот план, се врши пренесување на финансиски средства од претходни години.

## V ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во 2026 година ке почне да се реализира одамна саканата инвестиција за изградба на социјални станови за станување на пензионери членови на здружението.

Здружението на пензионери Струмица, бидејки во 2025 година е изготвена целокупна проектанска техничка градежна документација. Ако се почне со изградба тогаш со ребалансот на финансискиот план за тековната година ке се обезбедат финансиски средства од предходни години.

Во 2026 година ке се продолжи со развојот на социјално хуманитарни цели и задачи на здружението, а ке се посвети и на волонтерството кое треба да биде присутно во здружението како граганска асоцијација, а во соработка со локалните самоуправи и црвениот крст на Македонија.

Преку нашите членови во органите на СЗПМ ке се делува со предлози за заштита на стекнатите права на пензионерите, редовна исплата и тековно усогласување на пензиските примања.

За унапредување на формулата за усогласување на пензиите со натамошно барање пензиите да се усогласуваат двапати во годината и тоа од 01.јануари до 01.јули во тековната година, дегресивно усогласување во одделни периоди, усогласување според порастот на трошоците на животниот стандард и пораст на платите со право на поповолниот процент.

Ке се даде подршка во наредниот период да се работи на прашањето пензионер да може да работи без да му се запре исплатата на пензијата, а на приходот да му се наплати персонален данок. Оваа мерка би била и во интерес на поединецот, пензионерот за подобрување на материјалниот статус и во интерес на пензионерскиот систем и општеството во целина.

Здружението даваше подршка во 2025 година но не се реализира и ке продолжи да дава на сојузните органи, лимитот на пензијата до која висина пензионерите ке бидат ослободени од болничка партиципација, затоа што со зголемувањето на пензиите во 2024 и 2025 година , многу малку пензионери ке ја користат таа бенифиција. Болничката партиципација од 18.000 денари да се зголеми на 25.000 денари.

Во 2026 година да се подобри ефикасноста на мој термин за да може навреме пензионерите и други корисници да извршат здравствени прегледи.

Во 2026 по предлог на ограноците да се обезбедат лекари специјалисти да држат предавања пред пензионерите како да го одржуваат своето здравје.

Претседателите на ограноците навреме да ги согледуват проблемите на членовите на ограноците по урбаните заедници и ги насочуват во здружението.

Во 2026 година ке продолжи соработката меѓу здруженијата на пензионери во државата и надвор од неа за разни активности, како за рекреација , забава, дружење, одржување на спортски игри и слично.

**Спортски активности**

Во 2026 година спортските активности ке се реализираат преку Комисијата за спорт и рекреација при Извршниот одбор на здружението во согласност со Правилникот за спорт и рекреација. Ке се превземат мерки и активности за вклучување на нови членови спортисти со натамошна подршка на масовен пензионерски спорт.

Подготовките да започнат навреме и организирано за настап на регионалните и републичките спортски игри.

**Комисија за културно забавен живот**

Во 2026 година преку комисијата за културно забавен живот ке се подготвува хорската група за учество на регионалните ревии на песни, музика и игри каде организаторот е СЗПМ а ЗП се домакини.

Во текот на годината преку КЗЖ ке се подготвува хорската група за учество на регионалната ревија на песни музика и игри.

Во текот на годината преку КЗЖ хорот ке се подготвуваат за учество и на републичката ревија на песни, музика и игри, ако се пласира на регионалната ревија на песни , музика и игри.

Извршниот одбор и Комисијата за културно забавен живот во 2026 година ке одбележат значајни празници: Денот на пензионерите, Нова година , 8. Март, Тримери и друго.

Во текот на 2026 година ке има изведување на еднодневни екскурзии и повекедневни на разни туристички места, историски места, цркви, манастири во државата и надвор од неа, како Србиј, Бугарија,,Албанија и други. Исто така ке се организират заеднички годишни одмори во нашата држава и надвор од неа, и други активности ако има потреба и по барање на пензионери членови на здружението.

**Комисија за здравство и општествен стандард**

Во текот на 2026 година комисијата ке го следи унапредувањето на здравствената заштита на пензионерите . Ке ги разгледува сите барања за еднократна парична помош, ке дава предлози до Извршниот одбор за донесување на одлука за доделување на еднократна парична помош на пензионери со ниски пензии и болни пензионери членови на здружението, хуманитарна помош за одредени категории на лица и други појави.

Во текот на годината ке се продолжи со исплата на партиципација за бањско лекување на сите пензионери со соодветна документација која е предвидена во одлуката.

Партиципацијата е иста како и предходната година од 300 денари чија пензија

изнесува до 25.000 денари, и 200 денари на пензионери со повисоки пензии за поминат ден, се признава 10 дена бањско лекување.

Надоместокот односно партиципација се одобрува еднаш на три години. Односно откога ке помине третата година.Финансиските средства се обезбедуваат од редовните приходи на здружението и тоа повеке од членарината, а потоа се префрлаат на сметката на Фондот за посебни намени за еднократна парична помош и бањско лекување.

Во текот на 2026 година ке продолжи информирањето на пензионерите членови на здружението преку печатот весникот Пензионер плус кој бесплатно се дава на пензионерите и телевизиите за програмските цели, финансиските резултати, односно транспарентност на трошењето на финансиските средства, кои поголем дел се од плакањето на членарина, која ја плака секој член на здружението по 30 денари, од кои 2,50 денари остануваат во СЗПМ за нивни потреби, а 27,50 денари доагаат во здружението.

**Одбор за надзор и контрола**

Надзорниот одбор при Собранието на здружението на пензионери Струмица периодично и годишно ке врши контрола на материјално финансиското работење на здружението и ке ги информира со извештаи Извршниот одбор и Собранието на Здружението на пензионери Струмица.

Програмата е основа за подготвување на финансискиот план за 2026 година. Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на здружението на пензионери Струмица.

Програмата е од отворен карактер и може да се дополнува во текот на годината со прашања кои ке се наметнат со својата актуелност.

Изработил
Данче Даскаловска

Собрание на Здружение на пензионери Струмица
Претседател
Борис Василев